## Вклучување нови точки и одлуки во Дневниот ред

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас, можат, односно имаат право да предложат дополнување на Дневниот ред со барање за вклучување нови точки и да предложат усвојување одлуки кон секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во Дневниот ред на Собранието на акционерите.

Кон барањето за вклучување нови точки на Дневниот ред, акционерите, истовремено, треба да приложат и образложение за предложената точка за дополнување на Дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка.

Барањето со образложение или предлог–одлуката се доставуваат во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционерот – физичко лице; односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционерот – правно лице.

Заедно со барањето акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација, и тоа:

**За акционер - физичко лице се приложува:**
- извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите во оригинал, не постар од три дена;
- копија од лична карта или пасош.

**За акционер - правно лице се приложува:**
- извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите во оригинал, не постар од три дена;
- последна тековна состојба од Централниот регистар во оригинал не постара од седум дена;
- копија од лична карта или пасош на законскиот застапник.

Предлогот заедно со документите за идентификација мора да биде примен во Централна кооперативна банка АД Скопје.

**Адреса на која се доставува Барањето:**
Централна кооперативна банка АД Скопје
ул. „1732“ бр. 2 Скопје – Центар, Центар
Дирекција за правни работи, со дознака:
**„за Вонредно собрание на акционери“**